World Karate Federation

Ката Прашања

Испитни прашања за Судии за Ката и Пара-Карате

Верзија 1, Јануари 2023

Јануари 2023

“Точно и Неточно”

На хартијата ставете X во соодветното квадратче. Одговорот е точен само ако е точен во сите ситуации; во било кој случај се смета за неточен. За секое точно одговорено прашање се добива еден поен.

1. Членовите на ката тимот мораат да носат ист тип на Карате Ги.
2. Вкупното дозволено време за Ката и Бункаи изведба комбинирано, изнесува 6 (шест) минути..
3. Во Ката натпревари, мали варијации во согласност со стилот (Ryu-Ha) на натпреварувачот се дозволени.
4. Наочари се забранети во Ката натпреварите.
5. Само еден дискретен ластик е дозволен во косата на натпреварувачките.
6. Правото на носител се пренесува кон пониските места во остуство на Натпреварувачи кои се соодветни за носители.
7. Ката натпреварите можат да бидат организирани во неколку формати.
8. Во сите формати на натпревар, бројот на натпреварувачи не смее да надмине 8.
9. Ако бројот на натпреварувачи е 97 или повеќе, бројот на групите мора да биде дуплиран на 16.
10. Судиите мораат да внимаваат на точниот Кихон на школата која е демонстрирана.
11. Екипните мечеви се составени од 3 (три) или 4 (четири) натпреварувачи од кои 3 (три) се натпреваруваат во исто време.
12. Соодветност е конзистентност во изведбата на Кихонот на стилот (Ryu – Ha) во Катата.
13. Доколку има несовпаѓање (разидување) помеѓу бројот и името на катата која е пријавена, ќе биде прифатено името согласно Официјалната листа на СКФ.
14. Кога една екипа има 4 (четири) натпреварувачи, сите четворица ќе се натпреваруваат во секоја рунда.
15. Давање команди за почеток и крај на Катата од било кој член од екипата нема да се смета за надворешен знак.
16. Подлогата (татами) мораат да бидат во една боја за ката натпреварите.
17. Судиите треба да внимаваат на точниот Кихон на Стилот (Ryu – Ha) кој се прикажува. .
18. Панелот на судии може да биде променет во секоја група за било која рунда.

19. Вкупното дозволено време за Ката и Бункаи изведба изнесува 5 минути.

20. Во ката натпреварите, ракавите на горното кимоно (Карате-Ги) можат да бидат завратени.

21. Одговорност е на тренерот или натпреварувачот да ја известат записничката маса за бројот и името на катата пред секоја рунда.

22. Бројот на судии во панел може да биде намален на 5 (пет) за било кој натпревар.
23. Еднаш изведена ката може да биде повторена само доколку се користи за разрешување на нерешено.
24. Долниот дел на кимоното може да биде малку пократок се додека покрива половина од потколениците.

25. Вкупно дозволено време за Ката и Бункаи демонстрација комбинирано е 5 (пет) минути.

26. Во случај кога има 3 (три) или помалку натпреварувачи, се изведува само една ката за да се утврдат пласманите од 1 (прво) до 3 (трето) место.

27. Во случај кога има 5-10 натпреварувачи, се формираат две групи и четирите највисоки оцени од секоја група продолжуваат во борбите за медал.

28. Ако бројот на натпреварувачи изнесува 25-48, се формираат 4 (четири) групи. После првата изведба, четворица натпреварувачи со највисоки оцени од секоја група продолжуваат во следната рунда.

29. Судиите во ката натпреварите не смеат да бидат со иста националност со било кој од натпреварувачите.

30. Иако ленти и други декорации во косата не се дозволени во кумите, дозволени се во ката.

31. Во борби за медал во Ката екипно, екипите ќе изведуваат и демонстрација на значењето на катата (Бункаи).

32. Повторување на ката не е дозволено во Раунд Робин систем на елиминации.

33. За натпревари кои не се вбројуваат во СКФ ранкингот или Олимпискиот ранкинг, бројот на судии може да биде намален на 5 (пет).

34. Истата ката никогаш не смее да биде повторена два пати по ред во Раунд Робин елиминациски систем.

35. Доколку веќе квалификуван натпреварувач е дисквалификуван со Шикаку поради недолично однесување на крајот на Раунд Робин елиминацискиот систем, другиот полуфиналист ќе влезе во финалето без борба.

36. Натпреварувачките мораат да носат обична бела маица под горниот дел на кимоното.

37. Натпреварувачките можат доколку сакаат да носат обична бела маица под горниот дел од кимоното.
38. Носењето на неодобрена опрема или облека е забрането.
39. Дискретна лента или држач за коса е дозволен во ката натпреварите.

40.Просторот за натпревар мора да биде со соодветна големина со што би се овозможила непрекината изведба на Ката.

41. Подлогата (татами) за Кумите не е соодветна за Ката натпревар.

42. Горниот дел на кимоното може да биде отстранет во изведбата за ката.

43. Надворешни знаци се сметаат на исто ниво како што би се казнил мал дебаланс.

44. Варијации во согласност со стилот (Ryu-Ha) на натпреварувачот нема да бидат дозволени.

45. Записничката маса мора да биде известена за изборот на Ката пред секоја рунда.

46. Екипата што нема да се поклони на крајот на Бункаи изведбата ќе биде дисквалификуван.

47. Бројот на потребни кати зависи од бројот на пријавени натпреварувачи.

48. Ако веќе квалификуван натпреварувач е дисквалификуван со Шикаку, на крајот на Раунд Робин елиминацискиот систем ќе му биде доделен бронзен медал.

49. При оценување на изведбата на натпреварувачот или на екипата, судиите ќе ја оценуваат изведбата врз основа на сите критериуми.

50. Во натпреварите за ката под 14 години, нема отстапување во стандардните правила, но може да биде користена посебна приспособена листа на Кати.

51. Предизвикување повреда поради недостаток на контрола во изведбата на техниките во Бункаи се смета за грешка.

52. Во борбите за медал, ниту еден од судиите не смее да биде со иста националност како натпреварувачите.

53. Изведбата се оценува на скала од 5.0 до 10.0 во интервали од 0.1.

54. Фрлање паричка е првиот избор при разрешување на нерешено.

55. Постојат 6 (шест) начини на разрешување на нерешено во Раунд Робин елеиминациски систем со 4 (четири) натпреварувачи.

56. Сила е еден од критериумите за евалуација (оценување).

57. Постојат 6 начини за разрешување на нерешено кога имаме елиминациски систем со 8 (осум) натпреварувачи.

58. Постојат 10 (десет) критериуми за евалуација (оценување) на ката изведба.

59. Транзициски движења е еден од критериумите за евалуација на ката изведба но не и за бункаи изведба.

60. Во Бункаи изведбата, транзициските движења и контролата се дел од евалуацијата.

61. Сила, Брзина и Баланс, се критериуми за евалуација на Ката и Бункаи изведба.

62. Симулирање на состојба на безсознание на повеќе од 2 (две) секунди како дел од Бункаи изведба, се смета за грешка .

63. На бункаи изведбата и се дава еднаква важност како и на самата ката изведба.

64. Пренагласено поклонување пред почетокот на изведбата на ката се смета за грешка.

65. Предизвикување на повреда поради недостаток на контролирана техника во Бункаи води до дисквалификација.

66. Ненајавување на катата не води до дисквалификација.

67. Изведба на погрешна ката или најавување на погрешна ката води до дисквалификација.

68. Тропање со стапалата, удирање по градите, рацете или кимоното ќе биде земено предвид од судиите при донесување на одлука.

69. Натпреварувач нема да биде дисквалификуван доколку направи значајна пауза или запре на неколку секунди при изведбата на катата.

70. На бункаи изведбата нема да и биде дадена еднаква важност како на ката изведбата.

71. Ката изведбата мора да започне со лицето кон судиите.

72. Употребувањето на надворешни знаци од било кој член на екипата се смета за грешка.

73. Доколку појасот на натпреварувачот падне при изведбата на катата, натпреварувачот ќе биде дисквалификуван.

74. Непочитување на насоките од Главниот судија или било кое друго недолично однесување се смета за грешка.

75. Непочитување на насоките на Главниот судија или било кое друго недолично однесување води до дисквалификација.

76. Надминување на вкупното време од 5 (пет) минути за Ката и Бункаи се смета за грешка.

77. Во екипна изведба тројцата натпреварувачи мораат да ја започнат и завршат ката во истата насока, кон главниот судија.

78. Ката изведбата мора да биде реална во смисла на борба, но и да демонстрира сила и потенцијален импакт на своите техники.

79. Предизвикување на повреда поради недостаток на контрола во Бункаи изведба не се смета за грешка.

80. Мал дебаланс не смее да се земе предвид при изведбата на ката.

81. Надминување на вкупното време од 5 (пет) минути за ката и бункаи води до дисквалификација.

82. Ката изведбата мора да демонстрира сила, баланс и брзина.

83. Мал дебаланс мора да биде земен предвид при евалуација на ката изведбата.

84. Несинхронизирани движења како завршување на техниката пред транзицијата на телото да биде завршена, се смета за грешка.

85. Несоодветно издишување ќе биде земено предвид од судиите при донесување на одлука.

86. Во екипна изведба, неуспехот да се направи воедначено (унифицирано/заедничко) движење не се смета за грешка.

87. Изведување на движење на неточен или нецелосен начин се смета за грешка.

88. Трошење на време, вклучувајќи пролонгирано маршрање, пренагласено поклонување или подолга пауза пред изведбата на ката се смета за грешка.

89. Удирање со стапалата, по рацете или кимоното се надворешни знаци.

90. Користењето на надворешни занци не се смета за грешка.

91. Несоодветно издишување не се смета за надворешен знак.

92. Неуспех за целосно изведување на блок или удирање надвор од целта се смета за грешка.

93. Предизвикување повреда поради недостаток на контрола во бункаи изведбата е дозволено.

94. Членовите на екипата мораат да демонстрираат компетентност во сите аспекти на ката изведбата како и синхронизација.

95. Давање насоки за почеток и крај на изведбата ќе бидат земени предвид од судиите при донесување на одлука.

96. Одговорност е на Претседателот на Националната Федерација да се осигура дека катата која е најавена на записничката маса е соодветна за таа рунда.

97. При изведба на бункаи, откако натпреварувач ќе биде спуштен на земја треба да се исправи на едно колено или да се исправи целоссно во рок од 2 (две) секунди.

98. Испуштање или додавање на движења или било каква суштинска промена на изведата во однос на оригиналната изведба води до дисквалификација.

99. Пренагласено славење, политички и религиски демонстрации води до дисквалификација во кумите, но не и во ката.

100. Рунда се смета како една изведба на сите натпреварувачи во таа група.

101. Натпреварувачот мора да почека на татамито за најавата на оценките на крајот на изведбата.

102. На крајот на секоја група, само првите двајца натпреварувачи ќе преминат во следната рунда.

103. Натпреварувачите можат да одберат било која ката од официјалната листа на кати. .

104. Екипата која нема да се поклони на почетокот или на крајот на изведбата ќе биде дисквалификувана.

105. Употребата на традиционални оружја, помошна и дополнителна опрема е дозволена.

106. Изведбата на индивидуална ката е оценувана од првото поклонување пред почетокот на катата до последното поклонување по завршувањето на катата.

107. Олабавување на појасот до степен да се лизга по колковите при изведбата се смета за грешка.

108. Олабавување на појасот до степен да се лизга по колковите при изведбата води до дисквалификација.

109. После поклонувањето натпреварувачот пора јасно да ја најави катата која што ќе ја изведува, а потоа да започне со изведбата.

110. Постојат 10 (десет) критериуми во оценување на ката изведбата.

111. Иако изведувањето на “ножички” (кани басами) во Бункаи во пределот на вратот се забранети, во пределот на телото се дозволени.

112.Во борбите за медал, само тројцата најдобри натпреварувачи од двете групи ќе продолжат понатаму.

113.Изведување на “ножички” (кани басами) во бункаи во пределот на вратот не е забрането.

114. Натпреварувачите ќе се повлечат од татамите следејќи ги следните поклонувања: прво Шомен Ни Реи а потоа Отагани Ни Реи.

115. Надворешните знаци мора да се сметаат како сериозна грешка при оценувањето на судиите при изведбата на катата.

116. Протестот може да биде поднесен до претставник на Комисијата за Жалби и Протести (Appeals Jury) од страна на тренерот.

117. Одговорност е на Татами Менаџерот да ја повика Комисијата за Жалби и Протести (Appeals Jury) по добивањето на протестот, како и да го достави надоместот за протестот до СКФ доколку истиот е одбиен.

118. Секој од тројцата членови на Комисијата за Жалби и Протести (Appeals Jury) е обврзан да ја презентира својата одлука по однос на валидноста на протестот. Воздржаност не е прифатлива.

119. Во Пара-Карате, рекламите на инвалидските колички можат да бидат постљавени на потпирачот за грб.
120. Доколку протестот е прифатен, Комисијата за Жалби и Протести (Appeals Jury) ќе назначи еден од своите членови да му ја соопшти одлуката на тренерот кој вложил протест.
121. Постојат три главни категории во Пара-Карате: Натпреварувачи со потешкотии во видот, Натпреварувачи со интелектуална попреченост и Корисници на инвалидски колички.

122. Во Пара-Карате натпревари, протези, бастени, патерици и други помагала користени за физичка поддршка се дозволени.

123. Оние натпреварувачи чии попречености се класифицирани како неподобни или неусогласени и ги прекршуваат правилата за натпревар, не можат д асе натпреваруваат во СКФ Пара-Карате.

124. Во Пара-Карате, седумте судии ќе ги оценуваат натпреварувачите врз основа на изведбата на катата и нивото на попреченост на натпреварувачот.

125. Пара-Карате натпреварите ги сочинуваат Ката и Кумите натпревари.

126.Инвалидски колички со анти-тип тркала се дозволени во Пара-Карате натпревари.

127.Класификацијата во Пара-Карате се состои од екстра поен компензација во зависност од влијанието на специфичната попреченост при изведбата на ката.

128. Во Пара-Карате, Медицински Дијагностички Формулари ќе го докажуваат степенот на попреченост кај натпреварувачот, заедно со функционално тестирање на натпреварот, алатка која овозможува попрецизна класификација на натпреварувачот.

129. На сите натпреварувачи во Пара-Карате им е дозволено да носат бели спортски патики.

130.Во Пара-Карате, во случај на дополнително класификациско тестирање, допинг контрола, пожар или друг итен случај за евакуација, националните тренери се директно одговорни за безбедно отстранување на натпреварувачите од просторот.

131.Во Пара-Карате, натпреварувачите од Интелектуално попречената категорија (Класа К20) може да повторуваат ката во секоја рунда.
132.Помошни животни (Service animals) тренирани и сертифицирни да откријат живото-загрозувачки услови не се дозволени во надворешниот периметар во натпреварувачката зона во Пара – Карате натпревари.

133. Комисијата за Жалби и Протести (Appeals Jury) мора да изготви едноставен извештај, опшувајќи ги состојбите и причините за прифаќање или одбивање на протестот.
134. Постојат 100 кати на официјалната листа на кати.
135. Разрешување на нерешено во Пара-Карате, ќе биде по принцип на СКФ Ката Правилата. .
136. Во Пара-Карате, животни за терапија (Therapy Animals) или животни за емоционална поддршка се дозволени во натпреварувачката зона и нејзиниот периметар. .

137. Во Пара-Карате е дозволено натпреварувачите од класата со попреченост во видот да носат превез со лого и маркетинг од спонзори и производители.

138.Лентите за фиксирање на инвалидските колички кај натпреварувачите во Пара-Карате мораат да бидат во бела боја и без никакви логоа.

139.Во Пара-Карате, компензација на поени значи дека на натпреварувач може да му бидат доделени екстра поени во зависност од степенот на попреченост.

140. Постојат три спортски класи во индивидуални Пара-Карате ката натпревари.

141.Натпреварувачи со попреченост во видот се поделени во две категории.

142.Јуниори/Кадети спортските класи се препорачани за Пара-Карате развивање.

143.Во Пара-Карате натпревари, потребно е да се носи превез за сите натпреварувачи со попреченост во видот за време на изведбата.

144. Натпреварувачи со интелектуална попреченост во Пара-Карате ќе ја изведуваат катата стоејќи/исправени.

145. На натпреварувачи со интелектуална попреченост во Пара-Карате не им е дозволено да повторуваат ката.